Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 259/24 ), а согласно член 31 од Статутот на ЈП Градски паркинг - Скопје, ВД Директорот во рамките на своите права и овластувања на ден 21.11.2025 година, ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 21-11-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Nj. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | | | |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 04-381/14
21.11. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник во ЈП Градски паркинг – Скопје**

член 1

1. Кандидатот **Бенита Блажевска** по пат на Интерен оглас број 01/2025, се избира за работно место со шифра **КДР 01 02 Б04 018 Раководител на одделние за јавни набавки**, 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2025 со арх.бр.04-381/ 13 од 21.11.2025 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 01.08.2022 година на веб стараницата на Претпријатието и на веб страницата на Агенција за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2025 со арх.бр.04-381/2, за унапредување на административен службеник на работно место со шифра КДР 01 02 Б04 018 Раководител на одделние за јавни набавки

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение со арх.бр.04-381/9 од 19.11.2025, по спроведената административна селкција и спроведеното интервју со кандидатите, комисијата состави Записник од админситративна селекција за интерен оглас со број 01/2025 за унапредување на административен службвеник со арх.бр 04-381/11 од 20.11.2025 година и Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со арх.бр.04-381/12 од 20.11.2025 година, изготвија финална ранг листа за интервјуирани кандидати и достави на ВД Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје Предлог-Одлука за избор на прво рангираниот кандидатот за работно место под ред.бр 1 **Бенита Блажевска.**

Врз основа на ранг листа и Предлог-Одлука за избор на прворангираниот кандидат, ВД Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука..

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата.

Доставена До:

- именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

ВД Директор на
ЈП Градски паркинг-Скопје
Мартин Гаврилски